Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-2791/4
23-01-2013 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 169 став 1 алинеа 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 136/07, 130/08, 97/10,185/11 и 53/11), пречистен текст (службен весник бр.24/12) член 24 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, Директорот на Друштвото донесе

# О Д Л У К А
## за поништување на постапката за доделување на договор на јавна набавка бр. 11/2012 за набавка и надградба на лиценци за антивирус

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за доделување на договор за јавна набавка со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објава на оглас со е-аукција за **Набавка и надградба на лиценци за антивирус** , согласно член 169 став 1 алинеја 6 од ЗЈН (договорниот орган оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти и недостатоци,до моментот на отварањето на понудите)

Се задолжува Комисија за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесување на одлуката писмено да ги извести сите учесници во постапката за Одлуката за поништување на постапка за доделување на договор за јавна набавка согласно член 170 став 1 од од Законот за јавни набавки и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување

### Образложение:

Врз основа на Барање бр.05-2791/1 од 22.11.2012 година за набавка и надградба на лиценци за антивирус донесена е одлука за јавна набавка за набавка и надградба на лиценци за антивирус, изготвена е тендерска документација и е објавен оглас за доделување на Договор за јавна набавка бр.11/2012 на ЕСЈН во Бирото за јавни набавки.

Во текот на спроведувањето на постапката за јавна набавка е констатирано дека Друштвото не располага со антивирусен софтвер на кој би се извршила надградбата, односно дека може да се спроведе само набавка на антивирус.

Земајќи во предвид дека во самото Барање за јавна набавка, а воедно и во Планот за јавни набавки за 2012 година, набавката е предвидена како набавка и надградба на лиценци за антивирус, а и тендерската документација

е изготвена согласно Барањето за јавна набавка, договорниот орган одлучи да биде поништена постапката.

Врз основа на сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, согласно член 169 став 1 алинеја 6 од ЗЈН.

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

Генерален Директор

Шеваљ Цеку , дипл.социолог

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост СКОПЈЕ

доставено до:

- Сектор за стопансиување со деловен простор
- Сектор за правни и општи работи
- Сектор за финансии
- Комисија за јавни набавки – Кире Бузлиев
- Архива